# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ:
# Родов говор на омраза за време на претседателските избори во 2024 година во Северна Македонија

Институт за комуникациски студии

НЕ ВЕРУВАЈ ПРОВЕРУВАЈ! #користифакти

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: Родов говор на омраза за време на претседателските избори во 2024 година во Северна Македонија

Претседателските избори во Северна Македонија кои се одржаа во 2024 година се карактеризираа со жесток дискурс на социјалните мрежи кој честопати беше насочен против жените кандидатки. Оваа студија на случај разгледува колку беше распространет и каква беше природата на родовиот говор на омраза на интернет, при што става акцент само на претседателските избори организирани во 2024 година.

Со користење на податоци од ЕООН-платформата против говор на омраза, анализирани беа вкупно 1.634 (n=1634) пораки на македонски јазик кои беа собрани во периодот од 1 март до 20 јуни, а кои се однесуваат на предизборниот и на постизборниот период. Истражувањето беше спроведено од ИКС во соработка со Текстгејн (Textgain) и имаше за цел да направи проценка на степенот на штетен и токсичен говор кој беше насочен против овие кандидати, а можеше да се забележи на Фејсбук и на Икс (Твитер).

## Клучни наоди

Најголемиот дел од пораките кои содржат токсичен говор беа насочени кон кандидатката за претседател на ВМРО-ДПМНЕ, Гордана Силјановска-Давкова. Интересно е тоа што кандидатката на политичката партија Левица, Билјана Ванковска, не беше предмет на истиот степен на напади како што беше тоа случај со Силјановска-Давкова. Ваквата разлика може да се припише на тоа што Ванковска не напредуваше во вториот круг на изборите и на тоа што таа не беше поврзана со која било од двете главни политички партии, ВМРО-ДПМНЕ или СДСМ.

Приближно 2 % од анализираните пораки содржеа дезинформации, додека 1 % содржеа и закани. Иако нивниот обем не беше значителен, сепак ваквите пораки се особено загрижувачки, бидејќи имаат потенцијал да влијаат на јавната перцепција преку пласирање лаги или преку заплашување на лицата кои беа вклучени во политичкиот процес.

## Распространетоста на „Баба Гога“

Една од најчесто користените навреди кон Гордана Силјановска-Давкова беше квалификацијата „Баба Гога“[1], која ја имаше во поголем број коментари. Овој термин не беше само навреда во врска со нејзината возраст туку се користеше и како средство за исмејување на нејзината политичка инволвираност, честопати споредувајќи ја со машки политичари, како што е американскиот претседател Џо Бајден, и тоа на погрден начин. На пример, во една порака се вели:

*“Најјакото е што вмровци се исмеваат со Бајден дека е стар, а се восхитуваат на сенилната и горда гога, изгубена во време и простор. ВМРО е дијагноза! Секта!”*

Овој коментар ги исмева не само нејзината возраст туку и нејзината политичка определба, и претставува пресек на сексизам, старосна дискриминација и политички презир. Ставајќи ја Силјановска-Давкова во рамка на една невнимателна и постара жена, навредите од овој тип го префрлаат дискурсот од нејзините политики и квалификации кон лични карактеристики кои не се важни за нејзините капацитети како лидер. Други коментари исто така го следеа овој пример:

*„Гордана гога е баба, не ја бива за претседател.“*

*„Готова е гога греота зашо ја мачат баби се за дома не за да одат по тв студија...“*

*„Каков грев е баба гога, Господ на помош нека ни е.“*

Во коментарите таа честопати е нарекувана „сенилна“, нејзината возраст и изглед беа користени како основа за потсмев, а нејзините политички определби исто така беа предмет на исмевање. Еден коментатор напиша: *„ВМРО ја однесе баба Гога на митинг во ЕПП како млада невеста“*, сугерирајќи дека нејзиното учество е само церемонијално и притоа ја отфрла нејзината политичка агенда.

Анализата утврди дека **токсичните пораки се позастапени на Фејсбук**, каде што се констатирани 55 % од сите екстремно токсични пораки (сите тие имаа оценка за токсичност поголема од 0,8). Икс, иако е исто така платформа со штетна содржина, сепак се чини дека содржи помал број високотоксични пораки, и тоа е веројатно така поради построгите политики за модерирање на оваа платформа, но и значително помалиот број корисници во земјава во споредба со Фејсбук.

1. Терминот „Баба Гога“ сугерира дека личноста е злобна, застрашувачка или непријателски настроена. Тоа е игра на зборови со „Баба Рога“, митски лик претставен во народната традиција како злобна старица што ги заплашува или грабнува децата.

## Зошто потсмевот му штети на дискурсот

Користењето навреди како „Баба Гога" го сведува политичкиот дискурс на ситни и штетни коментари. Наместо да се вклучат во значајна дебата во врска со политиките или платформите на кандидатите, овие пораки ги зајакнуваат негативните стереотипи за жените во политиката - особено за постарите жени.

Старосните и сексистичките навреди, како што се овие, го девалвираат придонесот кој може да го има кандидатот исклучиво врз основа на неговите пол и возраст, поткопувајќи ја на тој начин инклузивноста на политичките процеси. Таквата реторика го задушува конструктивниот дијалог и ја зајакнува онаа култура во која женските кандидати се оценуваат според личните карактеристики, а не според нивните идеи и квалификации.

Значителен дел од говорот на омраза против Силјановска-Давкова беше исто така поврзан со поддршката дадена од ВМРО-ДПМНЕ, додавајќи притоа и политички слој кон сексистичката реторика. Голем број коментари комбинираа политички навреди со родови навреди и на тој начин креираа двоен напад – **против нејзината политичка припадност и против нејзината полова припадност.** На пример, таа честопати беше обвинувана дека е „предавник" и беше исмејувана за нејзината поврзаност со ВМРО-ДПМНЕ, што некои коментатори го поврзуваа со неспособност или корупција. Ваквиот модел на политички наелектризиран сексистички дискурс беше еден од најчесто присутните во анализата.

## Клучни согледувања и заклучок

Наодите покажуваат постоење на непријатна тенденција на родов говор на омраза во политичкиот дискурс, кој особено е насочен против постарите кандидатки како што е Гордана Силјановска-Давкова. Честата употреба на термини како што е „баба Гога" има за цел да ја тривијализира нејзината улога во политичкиот пејзаж, да го одвлече вниманието од нејзината политичка платформа и да ја сведе нејзината кандидатура на тема која служи за потсмев и тоа врз основа на нејзините возраст и полова припадност. Ова не само што е штетно за неа лично туку е исто така штетно и за севкупниот квалитет на политичката дебата.

Спротивно на тоа, Билјана Ванковска беше поштедена од родовиот говор на омраза, најверојатно поради нејзиното предвремено излегување од трката и нејзината неповрзаност со доминантните политички партии, што упатува на тоа дека партиската политика, во комбинација со сексизмот, има клучна улога во обемот и интензитетот на говорот на омраза присутен на интернет.

Оваа студија на случај ја покажува важноста на следењето и справувањето со родовиот говор на омраза, особено за време на политички интензивни периоди како што се изборите. Штетната комбинација од сексизам, старосна дискриминација и политички навреди кои беа констатирани во рамките на оваа студија ја нагласува потребата од постоење подобри практики на модерирање на социјалните мрежи, како и поголеми напори за промовирање на политички дискурс кој ќе подразбира почит и уважување.

## Користена методологија

Процесот на собирање податоци се засноваше на платформата против онлајн говор на омраза ЕООН, која првенствено ги следеше интеракциите на Фејсбук и на Икс. За целите на анализата беа собрани вкупно 1.634 пораки од деловите за оставање коментари, не од официјалните објави направени од политичките партии или од самите кандидати. На овој начин фокус беше ставен на јавниот дискурс. Оваа платформа користеше автоматизирани алатки, заедно со човечки надзор, за да ги извлече релевантните пораки кои содржат токсични елементи. Овие елементи беа идентификувани како такви врз основа на однапред дефинирани категории како што се: **вулгарности, потсмев, презир, расизам, сексизам, политика, религија, закани** и **невистини.**

Анализата на токсичноста во онлајн пораките беше направена со помош на напредни алатки за обработка на јазик обезбедени од Текстгејн, кои го мерат интензитетот на негативниот сентимент содржан во текстот. Текстгејн ѝ доделува оценка за токсичност на секоја порака и таа варира од 0 до 1, при што повисоката оценка укажува на посериозно ниво на токсичност. Пораките со оценки поголеми од 0,8 беа класифицирани како исклучително токсични. Пораките исто така беа дополнително анализирани со цел да се увиди дали содржат одредени токсични клучни зборови и фрази кои вообичаено се користат во контекст на говорот на омраза против женските кандидатки. Платформата исто така ги следеше и зачестеноста и комбинациите на различни токсични категории.

## Токсични категории кои беа предмет на анализа

Во контекст на пораките кои беа насочени кон претседателските кандидати, предмет на анализа беа следниве токсични елементи:

- **Вулгарности:** употреба на вулгарен јазик со цел да се понижат кандидатите.
- **Потсмев:** коментари наменети за исмејување на кандидатите, честопати врз основа на нивните пол или возраст.
- **Презир:** искажување презир или непочитување, честопати поврзано со политички или лични карактеристики.
- **Расизам:** иако е ретко присутен, одредени пораки сепак содржеа етнички навреди или упатувања.
- **Сексизам:** родови навреди или коментари кои се насочени кон поткопување на позициите на кандидатите поради нивниот пол.
- **Политика:** политички навреди, честопати поврзани со припадноста кон ВМРО-ДПМНЕ или СДСМ.
- **Религија:** упатувања на верската припадност и тоа во погрден или во понижувачки контекст.
- **Закани:** пораки кои содржат директно или имплицирано насилство.
- **Невистини:** дезинформации или лажни тврдења во врска со кандидатите.

Институт за комуникациски студии

НЕ ВЕРУВАЈ ПРОВЕРУВАЈ! #користифакти